# КАКО СЕ ПЛАЌА УСЛУГАТА ЗА ГРЕЕЊЕ

Плакањето на услугата за греење во колективните стамбени згради се врши  во дванаесет рати. Основа за вкупниот износ на услугата за греење при паушалната наплата се просечната потрошувачка на енергија по еден метар квадратен отоплувана површина во просечна грејна сезона и просечната пресметковна топлинска моќност по еден метар квадратен отоплувана површина. Просечната грејна сезона е грејна сезона во која средните надворешни температури од октомври до април се еднакви на триесетгодишните просечни вредности за Скопје. **Просечната потрошувачка на топлинска енергија за вкупно приклучената отоплувана површина во стамбените објекти во просечна грејна сезона е 150 kWh/m2. Просечната пресметковна моќност за еден квадратен метар во отоплуваната површина во стамбените објекти е 123 W/m2.** Просечната потрошувачка на енергија по еден метар квадратен отоплувана површина помножена со цената на енергијата за стамбен простор плус просечната пресметковна моќност по еден метар отоплувана површина помножена со цената за моќност го даваат годишниот износ за греење на еден метар квадратен отоплувана површина. Овој износ е еднаков на паушалната месечна цена за отоплување на еден метар квадратен греана површина помножена по дванесет месеци. На сликата 1 е опишано плаќањето на услугата за греење. Темните столпчиња се ратите кои ги плакат корисниците, а светлите столпчиња се трошоците за отоплување. Како што се гледа од сликата првата рата за секоја грејна сезона се плаќа во август, а последната во јули. Во август, септември и половината од октомври корисниците ја кредитираат Топлификација АД Скопје. Со испорачаната енергија во октомври, ноември и декември во потполност се покриваат првите пет платени рати (август-декември). Од јануари до јули Топлификација АД Скопјеги кредитира корисниците. Енергијата се испорачува од јануари до април, а се плаќа од јануари до јули. Вредноста на испорачаната енергија во грејните месеци (светлите столпчиња) изразена во месечна рата е: Октомври 0,6 рати, Ноември 2.0 рати, Декември 2,4 рати, Јануар 2,5 рати, Февруари 2,2 рати, март 1,8 рати, април 0,5 рати. Вкупно 12 рати.

Плакањето на услугата за греење со воведување на мерењето на испорачаната енергија ќе биде идентично како и досега. Греењето ќе се плаќа во дванаесет рати, првата рата ќе биде во август, последната во јули. Разликата во однос на досегашното плаќање е во тоа што испорачаната енергија (светлите столпчиња) за секој објект и во секоја сезона ќе бидат различни. Ако испорачаната енергија во грејната сезона биде поголема од просечната, согласно која се формираше паушалната цена досега, годишниот износ за греење ќе биде поголем. Обратно, ако испорачаната енергија е помала од просечната, годишниот износ за греење ќе биде помал од сегашниот. По завршувањето на грејната сезона, на крајот на април ќе се знае дали корисникот потрошил повеќе или помалку од просечната енергија. Оваа разлика во плус или минус ќе се фактурира со последните три рати за грејната сезона (мај, јуни јули). Значи единствена разлика од досегашниот систем на плаќање е што последните три рати за грејната сезона (мај, јуни јули) ќе зависат од остварената потрошувачка во грејната сезона. Почетните девет рати од август до април ќе бидат формирани како до сега врз основа на просечната потрошувачка на топлинска енергија во просечна грејна сезона и за просечен метар квадратен отоплувана површина.

